**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура**
**Железници на Република Северна Македонија - Скопје**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Komuna e Zelenikovës
Управни и административни органи-Зелениково
Drejtuesi dhe organet administrative-Zelenikovë
Примено: 31.03.2026
Орг.един.: 03 | Број: 175/1 | Прилог: / | Вредност: /

Датум: 25.3.2026
Број

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
БР./Nr. 03-1110/1
26-03-2026

До:
Општините Илинден, Кисела Вода и Зелениково

ПРЕДМЕТ: Известување за градежни активности на железничките пруги и состојбата на патните премини

Почитувани,

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје започна со реализација на проект за ремонт на пругите на делницата Илинден – Драчево, Драчево – Скопје и Драчево – Зелениково, при што во тек се засилени градежни активности на терен.
Овој проект за модернизација на пругата е од стратешко значење за граѓаните на нашата држава, имајќи предвид дека после долги години се подобруваат условите за обезбедување на побрз и побезбеден железнички превоз.
Со оглед на тоа дека на овие делници постојат повеќе патни премини, а во интерес на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, Ве замолуваме да ги информирате граѓаните од Вашата Општина дека нашите градежни активности ќе траат одреден период.
Додека се одвиваат градежните активности, особено е важно граѓаните да знаат дека можни сѐ повремени исклучувања на сигнализацијата на патните премини, при што треба да внимаваат на личната безбедност при преминување на пругите.
Особено внимателни треба да бидат и земјоделците, коишто ќе имаат зголемени земјоделски активности, а кои со својата механизација треба безбедно да ги користат патните премини.

Напоменуваме дека според сообраќајните прописи, доколку не функционира сигнализацијата на патниот премин, брзината на возот се намалува, возот застанува пред патниот премин и со звучна сигнализација го најавува неговото поминување преку патниот премин, а сите возила (патнички автомобили, автобуси, градежна или земјоделска механизација) имаат обврска да застанат.

Ви благодариме на Вашето разбирање, поддршка и соработка.

Со почит,

Синиша Ивановски

Директор

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup

Подготвил: Љида Трендова
Согласен: Тони Ѓуревски
Одобрил: Тони Ѓуревски

ул. „Железничка" бр. 50-б, Поштенски фах 543, 1000 Скопје | Тел: +389 (0) 23 227 903
www.mzi.mk | e-mail: info@mzi.mk